Уп. бр. 08- 52

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран 31311, Кралството Саудиска Арабија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.05.2019 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран 31311, Кралството Саудиска Арабија ќе стекне контрола над Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн (Saudi Basic Industries Corporation), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5101, 11422 Ријад, Кралството Саудиска Арабија, преку купопдоражба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 02.05.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Сауди Арабијан Оил Компани (Saudi Arabian Oil Company), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5000, Дахран 31311, Кралството Саудиска Арабија, со која Сауди Арабијан Оил Компани има намера преку стекнување на акции, да стекне контрола над Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн (Saudi Basic Industries

Corporation), со регистрирано седиште на Поштенско сандаче 5101, 11422 Ријад, Кралството Саудиска Арабија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Сауди Арабијан Оил Компани** е акционерско друштво основано во, и во целосна сопственост на Кралството Саудиска Арабија, кое е примарно ангажирано со истражување, производство и пласирање сурова нафта на пазарот, и во ограничен обем со производство и пласирање на преработени производи и петрохемикалии.

**Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн** е акционерско друштво основано во Кралството Саудиска Арабија кое котира на Берзата на Саудиска Арабија и истото е примарно активно со производство и продажба на хемикалии (вклучувајќи петрохемикалии), полупроизводи (анг. *intermediates*), полимери (исто така познати како пластика), ѓубрива, и до одреден степен, метали.

Сауди Бејсик Индустрис Корпорејшн продава полиетилен, етилен гликол и полипропилен во Република Северна Македонија.

Сауди Арабијан Оил Компани не е присутен во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**